Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 61, 1 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина транспорт, шпедиција и осигурување на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за областа сметководство и финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музичка теорија и педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........37

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска анализа на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ........64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАУЧНАТА ДИСЦИПЛИНА ТРАНСПОРТ, ШПЕДИЦИЈА И ОСИГУРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр.1705-90/1 од 20.4.2011 година, донесена на шестата седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување во состав:

1. проф. д-р Милан Илиески, претседател;
2. проф. д-р Ристо Фотов, член;
3. проф. д-р Трајче Мицески. Член.

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 9.4.2011 година, на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за избор на наставник во насловно звања вонреден професор за наставно-научната област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување се пријави кандидатот д-р Ристе Темјановски.

Кандидатот ги приложи следниве документи:

– пријава;
– диплома за докторат по економски науки (три копии заверени на нотар);
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда (свидетелство) за познавање англиски, француски и германски јазик;
– список на објавени научни и стручни трудови;
– примерок од сите наведени трудови;
– уверение за државјанство.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Ристе Темјановски** е роден на 31 јануари 1966 година во Ново Село, Струмичко. Дипломира на Природно-математичкиот факултет, Институт за географија, насока Применета (економска) географија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Магистрира на интердисциплинарните студии за просторно планирање (ПМФ, Економски факултет-Скопје, Градежен факултет) во 2000 година, на тема „Патната инфраструктура како генерички ресурс за циркулација на луѓето во Република Македонија”.

Докторира на 20 мај 2005 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „Транспортниот систем на Република Македонија и европските стопански текови“ од областа на транспортната проблематика: економика на транспорт, транспортна политика и надворешно-трговско работење.

Во звање доцент е избран на 10 јули 2006 година на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет во Република Македонија – Скопје.

Во наставно-научно звање **вонреден професор** е избран на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при ЕУРМ на 20 декември 2010 година.

Од 2006 година работи како наставник на Факултетот за економски науки, реализирајќи настава по предметите Економски системи и економски политики (на Факултетот за јавна администрација); Меѓународен транспорт и шпедиција, Осигурување, Применета економија, Е-трговија и Претприемнички маркетинг менаџмент (на Факултетот за економски науки); Е-бизнис (на Факултетот за информатика).

Академските и стручните истражувања, главно, му се посветени кон економските развојни анализи, посебно прашањата на транспортните коридори и регионалните проблематики, ризиците и формите на осигурителната дејност со посебен осврт на транспортното осигурување, економскиот и регионален развојни политики, просторните влијанија посебно инфраструктурните, економските, демографските проблеми во регионот на Западен Балкан.

Во своите професионални обврски, покрај наставно-научните активности, ангажиран е и како продекан на Факултетот за економски науки.

Во рамките на активностите во меѓународната соработка потписник е и учествува во IACBE (The International Assembly for Collegiate Business Education), за стекнување меѓународна акредитација од ова акредитативно меѓународно академско тело за додипломски и постдипломски студии за најдобрите практики на високото образование во група над 400 универзитети.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Ристе Темјановски остварува широка и плодна научноистражувачка дејност од областа на економските науки, со посебен придонес во транспортната проблематика. Ојавува повеќе од 20 публикации научни и стручни трудови од поширокатa област на транспортната проблематика; надворешнотрговските системи, регионалниот економски развој, електронското работење и претприемништвото.

Исто така, објавува осум учебници од кои седум се високошколски учебници за студентите од областа на економските науки.

Учествува во неколку стручни и научни проекти, со што може да се утврди исклучително плоден наставен, научно-стручен и педагошки развој на кандидатот.

***Список на стручни и научни трудови***
***Стручни и научни трудови пред последниот избор***

1. **Темјановски Ристе** (1996): „Позабележителни туристички дестинации и правци на движење на населението од Република Македонија" објавен на научниот собир „Туристички потенцијали Југославије" во Нови Сад, 15-16 ноември, стр. 196. (Конгрес од меѓународен карактер).
2. **Temjanovski Riste** (in zusamenarbeit mit Prof. Aleksandar Stojmilov i Prof. Mihailo Zikov,) 2000: „Tourismus und Tourismuspotential Macedoniens", Sudosteuropa Studie 66: „Tourismus und Touristisches Potential in Sudosteuropa. Munchen", p.157 (Конгрес од меѓународен карактер).
3. **Temjanovski Riste**: „Corridors 8 and possibility influence to Economic Development In Republic Of Macedonia". Sofia: BAN: Geografski fakultet, 2001, str. 54.
4. **Темјановски Ристе:** (2001): „Руралната патна мрежа како фактор за економско-функционален развој на селата во Република Македонија". Зборник на трудови од Конгресот одржан во Охрид од 3-5 ноември 2000. Скопје: Македонско географско друштво, 290 (Конгрес од меѓународен карактер).
5. **Темјановски Ристе** (2001): „Население и демографски развој на Општина Богомила». Зборник на трудови од Конгресот одржан во Охрид од 3-5 ноември 2000. Скопје: Македонско географско друштво, стр. 153 (Конгрес од меѓународен карактер).
6. **Темјановски Ристе**: Студија за развој на туризмот во град Скопје. Скопје: Влада на Република Македонија: Агенција на Република Македонија за приватизација, 2002.
7. **Темјановски Ристе**: Мобилноста на населението и светските комуникациски токови. Во Географски разгледи. Скопје: Македонско географско друштво. 37(2002). стр. 203.

8. **Темјановски Ристе** (2003): „Примената на методот на графови во географијата и воената географија“. Год. III (2003) бр. 8. „Современа одбрана». Скопје: Воена академија, 2003.
9. **Темјановски Ристе** (2003): „Позначајни воено-демографски карактеристики на населението во Република Македонија». Год. IV (2004), бр. 9. „Современа одбрана». Скопје: Воена академија, 2003.
10. **Темјановски Ристе** (2005): Ефикасен транспортен систем како клучен фактор на економскиот и социјалниот развој: со посебен осврт на Р. Македонија. Зборник на трудови од Конгресот одржан во Скопје од 15-16 октомври 2005. Скопје: МГД, III Конгрес на географите, 2005 (Конгрес од меѓународен карактер).
11. **Ристе Темјановски** (2005): Активности и ефекти во развојот на туризмот во ЕУ - можни искуства за туристичката политика во Р. Македонија. Зборник на трудови од Конгресот одржан во Скопје од 15-16 октомври 2005. Скопје: МГД, III Конгрес на географите, 2005 (Конгрес од меѓународен карактер).

***Учество во научноистражувачки (национални/меѓународни) проекти***

12. Во работниот тим во изработката на секторската студија „Развој на туризмот и организација на туристичките простори“ од Просторниот план на Република Македонија во 1998 година;
13. Студија за развој на туризмот во Град Скопје (под покровителство на Владата на Република Македонија) 2005.
14. Во работниот тим на Лексикографски завод при МАНУ за изработката на Македонска енциклопедија 2006.

***Стручни и научни трудови по изборот во звање доцент***

15. **Темјановски Ристе** (2008): Искористување на ИПА фондовите за постигнување рамномерен економски и социјален развој (посебен осврт на транспортната политика во Република Македонија). Скопје. Европски универзитет, 2008

(Во трудот се разработува економската и финансиска кохезија меѓу земјите-членки на ЕУ и подготовките на земјите пристапнички во ЕУ. Постигнување на економска и социјална рамнотежа особено со новите земји членки на ЕУ и на оние кои се во фаза на пристапување претставува една од главните насоки на ЕУ. Со цел поддршка на земјите кандидати, ЕУ дефинирала стратегија на претпристапување, со што се обезбедува помош и овозможува инвестирање, но пред сѐ, се постигнува и повисок степен на адаптираност на земјите кандидати кон стандардите на ЕУ).

16. **Темјановски Ристе** (2008): Репо операциите како инструмент на монетарната политика. Скопје. Европски универзитет, 2008

(Главна цел на овој труд е аналитичкиот пристап за репото како инструмент на монетарната политика на централните банки и како извор на информации за пазарните очекувања. Со репо трансакциите, хартиите од вредност се менуваат за парични средства со договор за реоткуп на хартиите на некој иден датум. Хартиите од вредност служат како колатерал кога се работи за позајмување на парични средства и обратно, паричните средства служат како колатерал кога станува збор за позајмување на хартии од вредност. Репото може да се користи за обезбедување на потребата за парични средства и за обезбедување на потребата за хартии од вредност. Дополнително, репото може да се користи за левериџ за финансирање на долгита позиции во хартии од вредност и за финансирање на кратките позиции, за хеџирање на ризикот од промена на каматната стапка).

17. **Темјановски Ристе** (2009): Развиените транспортни системи како генератор на економски развој, 2009

(Во овој труд вниманието е фокусирано кон транспортот како клучен елемент во европската просторна развојна перспектива која се развива како интегрален и заеднички пристап во идниот просторно-планерски модел на европските институтции. Со цел да обезбеди кохерентен развој на целата европска територија, од суштинско значење претставува потребата за поголем степен на планирањето за подобрување и пристап до целокупната инфраструктура, со отстранување на техничките препреки кои ги поврзувале постојните

национални транспортни системи. Потребата периферните региони да бидат вклучени во економскиот и социјалниот развој, ги навело на размислување планерите и економистите, на одредени проценки за проектирање и изградба не само на фундаменталните комуникациски структури како што се патиштата и железниците, туку и за изградба на аеродроми, посебно на островите, како најнеповрзани простори. Следните планерски проекции се насочени кон проширување на улогата на пристаништата како модел на интеграција на пловниот сообраќај во глобалната транспортна мрежа. Со инвестирањето во ваквите региони се очекувало нивна максимална придобивка во трансевропската транспортна мрежа ТЕТМ).

18. **Темјановски Ристе** (2010): Правци во светската трговија: учесници и победници. Скопје. Европски универзитет, 2010. (во фаза на објавување)

(Анализирани трговските модели со посебен осврт на моделот на увоз и извоз на добра кај високоразвиениете земји, направен е стручен аналитички осврт околу доминантни трговски партери кај најразвиените земји во светската трговија. Економската моќ на одделни национални економии во светот, традиционално низ историјата се одредувала преку нивното учество во вкупната меѓународна трговска размена. Денес, во сферата на глобаланите случувања, сите држави учествуваат во меѓународната трговија. Се одвива немилосрдна борба помеѓу земјите на светската трговска арена. Само земјите кои успеваат да се издвојат со квалитет, иновативност и конкурентска цена успеваат и да доминираат и да издвојат профит во меѓусебниот натпревар. Светскиот трговски систем е најбројниот и најсложен регионален структурен организам. Различни производи и услуги произведени во секоја земја се продаваат ширум светот преку најразновидни економски агенти - индивидуални лица, фирми, влади, во други земји. Државите кои меѓусебно тргуваат во овој сложен систем се со различни големини, стопанска развиеност, политички и културен развој и природни ресурси).

***Учебници, книги и публикации објавени по изборот во звање доцент***

19. **Темјановски Ристе** (2006): Економски системи и економски поитики. Скопје: Европски универзитет, 2006 (универзитетски учебник)

(Фокусот на вниманието во овој труд е насочен кон најзначајните карактеристики на одделни економски системи, за да може веродостојно да се оцени и коментира нивното сфаќање, со цел да се одговори на клучните економски прашања. Економските системи, како и сите други општествени појави, се менуваат во текот на времето, било под влијание на промените што објективно историски се случуваат во општеството, или под влијание на свесно насочување, што резултира со нов амбиент во економскиот живот, а од чии мерки зависи придвижувањето на процесот на стопанскиот развој и промените во неговиот економски квалитет).

20. **Темјановски Ристе** (2006): Меѓународен транспорт и шпедиција. Скопје: Европски универзитет, 2006 (универзитетски учебник)

(Во овој труд се опфатени определени теоретски и методолошки знаења и искуства кои се неопходни за согледување на основните карактеристики во развојот на сообраќајниот систем кај нас и во светот. Меѓународниот транспорт претставува значајна стопанска дејност во системот на општествена репродукција, бидејќи без него не може да функционира системот на меѓународна размена. Современиот, ефикасен и рационално димензиониран сообраќај е основен услов за целосно функционирање на економскиот систем во секоја земја.)

21. Темјановски Ристе (2007): Применета економија. Скопје: Европски универзитет, 2007 (универзитетски учебник)

(Авторот ги обработува најсинтетичките економски поими: економика, стопански систем, економска политика, економски развој, животен стандард и сл. Применетата економија е наука што ги анализира конкретните и актуелни настани од стопанската практика на земјата. Најзначајно место во предметот е отстапено на националните економски промени и содржини моделирани од случувањата и рефлексиите на глобалните економски текови. На тој начин се овозможува одржување и на виталноста на современата економска наука за градење на стандардни и нови економски знаења).

22. Темјановски Ристе (2008): Претприемнички маркетинг менаџмент. Скопје: Европски универзитет, 2008 (универзитетски учебник)

(Во овој труд авторот посветува внимание на оваа значајна проблематика преку дефинирање и објаснување на следниве прашања: Што претставува претприемништвото во стопанството? Како и кога настанува? На што се темели неговото значење и суштината? Кои се елементите на неговата виталност, како еден раширен феномен? Какви се тенденциите на неговиот развој? Иако денес во светот на бизнисот никој не се сомнева во значењето и улогата на претприемништвото и претприемачот, напорите да се дефинира нивната улога не довеле до некоја одредена претстава за тој феномен).

23. **Темјановски Ристе** (2009): Е-бизнис. Скопје: Европски универзитет, 2010 (универзитетски учебник)

(На јасен достапен и прифатлив начин авторот ги обработува потребите, моделите, примената и заштитата на електронското работење. Електронски бизнис или накратко е-бизнис има за цел успешен пробив и настап на компаниите во развојот на иновативните информациони и комуникациони технологии во средината и надвор од неа, преку целосна интерактивност со своите партнери и комитенти).

24. **Темјановски Ристе** (2010): Транспорт и шпедиција. Скопје: Европски универзитет, 2010 (универзитетски учебник)

(Во овој труд авторот прави изменето и дополнето издание на учебникот „Меѓународен транспорт и шпедиција". Современата економска наука изучувањето на транспортната проблематика претставува реалност и неминовност со оглед на масовноста и употребата на транспортот во секојдневниот живот, како своевидна алка во процесот на производство, размена на стоките, услугите и капиталот во стопанствата во нашата држава или кај одделна земји. Ова ново издание на оваа стручна проблематика е збогатено со содржини од областа на транспортните коридори).

25. **Темјановски Ристе** (2010): Применета економија. 2 изд. Скопје: Европски универзитет, 2010 (универзитетски учебник)

(Во ова второ дополнето и изменето издание на книгата авторот ги разработува теоретските и практичните модели на промената на економските системи и нивната функционална поставеност и динамичност во остварувањето на економскиот развој. Во содржината се опфатени определени теоретски и методолошки знаења и искуства кои се неопходни за согледување на основните карактеристики во развојот на нашиот економскиот систем. Концепцијата на книгата е современо базирана, со соодветна поврзаност на теоријата и практиката на основната проблематика на економските системи и политика кај нас и во светот, со цел на што поедноставен начин и низ практични примери, студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа материја).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научноистражувачката работа на доцент д-р Ристе Темјановски, како и од прегледот на изработените, рецензираните и објавени стручни и научни трудови и универзитетски учебници, евидентно може да се утврди исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Во периодот по изборот во звање доцент, д-р Ристе Темјановски успешно продолжил да се занимава со научна работа. Посветеноста во истражувањето и студиозноста со која пристапил не само кон потесната транспортна проблематика, туку и кон пошироките економски анализи (инвестициите во инфраструктурата како двигател на растеж, надворешнотрговските односи во глобални размери, туристичките движења и туристичката политика), влијаеле неговите трудови да се карактеризираат како значаен придонес во економската област.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во неговите трудови пред и по изборот во наставно научно звање доцент, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет **да го избере проф. д-р Ристе Темјановски во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милан Илиески, претседател редовен професор, с.р.**
**Д-р Ристо Фотов, член вонреден професор, с.р.**
**Д-р Трајче Мицески, член редовен професор, с.р.**

**П Р И Л О Г**
**Табела за вреднување на активностите на д-р Ристе Темјановски во реизборниот период 2011 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип**

| | **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | Реден број од прегледот за наставно-образовна (НО) дејност - Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Универзитетски гласник бр.12, декември 2009, стр.119-122): | | | |
| | **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| 1 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник<br>- Меѓународен транспорт и шпедиција, Скопје: Европски универзитет, 2006.<br>- Применета економија. Скопје: Европски универзитет, 2007.<br>- Претприемнички маркетинг менаџмент. Скопје: Европски универзитет, 2008.<br>- Е-бизнис. Скопје: Европски универзитет, 2010<br>- Транспорт и шпедиција. Скопје: Европски универзитет, 2010.<br>- Применета економија. 2 изд. Скопје: Европски универзитет, 2010. | 6 | 15 | 90 |
| 2 | Рецезент на учебник, скрипта и сл. | 5 | 1 | 5 |
| 3 | Ментор на одбранета магистерска работа | 5 | 3 | 15 |
| 4 | Ментор на одбранета докторска работа | 7 | 1 | 7 |
| 5 | Член на комисија за одбрана на магистерска работа | 6 | 1 | 6 |
| 6 | Член на комисија за одбрана на докторска работа | 7 | 1 | 7 |
| 7 | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 30 | 1,5 | 45 |
| 8 | Рецезент на соработници и наставници | 4 | 1 | 4 |
| | **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | |
| 9 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 2 | 3 | 6 |
| 10 | ~~Учесник во научен проект~~<br>- Во работниот тим во изработката на секторската студија „Развој на туризмот и организација на туристичките простори" од Просторниот план на Република Македонија во 1998 година;<br>- Студија за развој на туризмот во град Скопје (под покровителство на Владата на Република Македонија), 2005.<br>- Во работниот тим на Лексикографски завод при МАНУ за изработката на Македонска енциклопедија 2006. | 3 | 2 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Стручно-апликативна и развојна дејност (САОР)** | | | |
| 11 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br><br>- Ефикасен транспортен систем како клучен фактор на економскиот и социјалниот развој: со посебен осврт на Р. Македонија. Зборник на трудови од Конгресот одржан во Скопје од 15-16 октомври 2005. Скопје: МГД, III Конгрес на географите, 2005.<br>- Активности и ефекти во развојот на туризмот во ЕУ - можни искуства за туристичката политика во Р. Македонија. Зборник на трудови од Конгресот одржан во Скопје од 15-16 октомври 2005.<br>- Искористување на ИПА фондовите за постигнување рамномерен економски и социјален развој (посебен осврт на транспортната политика во Република Македонија). Скопје. Европски универзитет, 2008.<br>- Репо операциите како инструмент на монетарната политика. Скопје. Европски универзитет, 2008.<br>- Развиените транспортни системи како генератор на економски развој, 2009.<br>- Правци во светската трговија: учесници и победници. Скопје. Европски универзитет, 2010. | 6 | 2 | 12 |
| 12 | Продекан | 8 | 1 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | **211** |